Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, постапувајќи по точка 45, потточка 3 од Извадокот од Нацрт – записникот (бр.41-17/55 од 28.06.2022 година) од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28.06.2022 година (арх.бр.03-2853/1 од 18.07.2022 година), а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-4661/9 од 22.12.2022 година, директорот на Агенцијата, донесе

# Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година

## 1. Вовед

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) како независно регулаторно тело коешто работи стручно, професионално и согласно високо поставени стандарди обезбедува доследна примена на медиумската легислатива, заедно со останатите субјекти во медиумската дејност ја поттикнува слободата на изразување, слободата на медиумите, медиумската писменост, разновидноста и квалитетот на медиумските содржини кои ги задоволуваат јавниот интерес и потребите на публиката, придонесува за непречен развој на аудиовизуелната област следејќи ги глобалните трендови и најновите технологии во однос на аудиовизуелните медиумски услуги.

Поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството, ја поткопува правната држава и нејзината иднина, неопходно е борбата против корупцијата да биде постојана обврска на секој граѓанин и институција.

Оттука, постапувајќи по задолжението во Извадокот од Нацрт – записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28.06.2022 г., бр.41-17/55 (наш арх.бр.03-2853/1 од 18.07.2022 г.), на 30-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 08.08.2022 г., а со цел првенствено да дејствува превентивно во смисла на намалување на ризиците од корупција, Агенцијата го донесе Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за 2022 година (арх.бр.03-3083/1 од 09.08.2022 г.), кој беше објавен на нејзината веб страница.

Агенцијата и во 2023 година ќе продолжи да применува механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција во веќе дефинираните ризични области за корупција во рамки на нејзината надлежност и делокругот на работење, како и да идентификува нови

ризици и соодветни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција. Во оваа насока, на превентивен и репресивен начин ќе се применуваат ефикасни и функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција, со оглед дека мисијата на Агенцијата е континуирано да се стреми кон заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и обезбедување јавност во работата на радиодифузерите.

Преземањето активности за спречување корупција од страна на Агенцијата и во 2023 година ќе се разгледува од два аспекта:

- Екстерен аспект, односно кои активности ги презема Агенцијата, а се однесуваат на надворешното опкружување (надвор од Агенцијата), што може да направи Агенцијата на национално ниво во однос на дејноста од јавен интерес и
- Интерен аспект, односно кои мерки ќе ги преземе за да превенира и спречи корупција одвнатре во рамките на самата институција.

## 2. Реализирани активности и спроведени мерки на Агенцијата, согласно Акцискиот план од 2022 година, прилог на Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2022 година

Агенцијата во 2022 г. согласно Акцискиот план за 2022 г., прилог на Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2022 г. кој содржи преглед на ризикот, активностите, мерките, носителите/надлежните организациони единици, рокот за реализација, фискалните импликации и проценка на ризикот, во рамките на областите ги реализираше следните активности, и тоа:

- Во област 1: Индивидуален и институционален интегритет,
  - во однос на активноста **Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивни професионален развој и надградба**, беше преземена мерка - едукација на вработените во Агенцијата преку наменски обуки, при што беа реализирани 6 (шест) такви обуки. Воедно во врска со оваа мерка, двајца вработени од Одделението за поддршка на работата на директорот и односи со јавност при Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, во период од 14 март до 25 мај 2022 г. учествуваа на обука за лектори и преведувачи организирана од страна на Агенцијата за примена на јазикот на РСМ;
  - во однос на активноста **Унапредување на знаењето за Кодексот на однесување**, во предвидениот рок за нејзина реализација, беше преземена утврдената мерка, односно од страна на Директорот на Агенцијата на 29.11.2022 г. беше донесено Упатството за постапување со подароци, погодности и гостопримства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-4449/1, со во прилог бр.1 Образец – Пријава за евидентирање на примени подароци и прилог бр.2 Образец – Евиденција на примени подароци од

страна на претседателот, заменик на претседателот, членови на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата, заменик на директорот на Агенцијата и вработените во Стручната служба на Агенцијата. Со упатството се уредува начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Агенцијата и истото беше споделено до сите вработени во Агенцијата и објавено на веб страницата на Агенцијата.

- Во област 2: Квалитет на работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
  - во однос на активноста **Доследна примена на процедурите за работните процеси во Агенцијата согласно сертификацијата ИСО 9001:2015**, беше преземена утврдената мерка - Проверка на почитување на процедурите од страна на интерните проверувачи, при што вработен во Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права во улога на интерен проверувач, во периодот од 13 до 16 ноември 2022 г. изврши проверка на почитувањето на ИСО процедурата Изготвување квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Агенцијата и квартални извештаи за преземените мерки, како и вработен од Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата како овластено лице за интерна проверка, на 16 септември 2022 г. беше дел од интерната проверка на ИСО процедурата за ИТ поддршка. Воедно, во просториите на Агенцијата на 17 ноември 2022 г. согласно Планот за проверка беше реализирана Првата надзорна проверка, со опсег на сертификација: Регулација на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на проверувачите на акредитираното сертификациско тело - Друштво за услуги "ИНТЕРЦЕРТ", ДООЕЛ Скопје, од Институтот за Акредитација за сертификација на системите за квалитет;
  - во однос на активноста **Обезбедување на систем за автоматско управување со документи**, во предвидениот рок за нејзина реализација – втора половина на 2022 г., беше отпочната постапка за јавна набавка на стока: Систем за автоматско управување со документи, така што Директорот на Агенцијата согласно Заклучокот арх.бр.02-3850/8 од 21.10.2022 г., донесе Одлука за потреба од јавна набавка, арх.бр.05-3924/1 од 25.10.2022 г., беше изработена тендерска документација и се објави оглас на кој поднесени се понуди од 3 (три) економски оператори. Постапката е во тек.

- Во област 3: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи
  - во однос на активноста **Подигнување на свеста на вработените во Агенцијата, директорот и членовите на Советот за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти на Агенцијата**, се превземаа дејствија во рамки на утврдената мерка - **Унапредување на знаењето за погоренаведениот Закон и Процедурата за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување,** на начин што од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата, на 14.09.2022 г., на сите вработени во Агенцијата им беа доставени информации, со цел запознавање со важечките прописи кои ја уредуваат оваа материја, и тоа: Законот за заштита на укажувачите (ЗЗУ), Правилниот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (ПЗВПИЈС) и Упатството за прием на пријави од укажувачи на Агенцијата

(УППУ). Воедно, од страна на овластеното лице, а во насока на унапредување на знаењето на вработените за погоренаведеното, беа споделени информации за тоа што се уредува со ЗЗУ, што се пропишува со ПЗВПИЈС, како и информации за донесеното УППУ, за овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата, кој може да се јави како укажувач, начин на пријавување и постапка по пријави од укажувачи, заштита на укажувачот и злоупотреба на пријавувањето;

- во однос на активноста **Постапување во согласност со Законот за заштита на укажувачи, подзаконските акти, Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и другите податоци на Агенцијата**, во предвидениот рок за нејзина реализација, од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата, до Државната комисија за спречување на корупцијата беа доставени Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи, за периодот 01.07. до 31.12.2021 г., арх.бр.03-390/1 од 28.01.2022 г. и Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи, за периодот 01.01. до 30.06.2022 г., арх.бр.03-2700/1 од 25.07.2022 г.
- во однос на активноста **Лесна достапност до постапката за поднесување пријави од укажувачи во Агенцијата**, а со цел преземање на утврдената мерка - Обезбедување поголема видливост на постапката за поднесување пријави од укажувачи на веб страната на Агенцијата, беше креиран посебен дел на нејзината веб страна, со насоки за прием на пријави од укажувачи. Во 2022 г. до Агенцијата не е поднесена ниту една пријава од укажувачи.

- Во област 4: Јавни набавки во однос на активноста **Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на релевантната легислатива и интерните ИСО процедури за сите лица кои учествуваат во процесот на јавни набавки**, а со цел намалување на ризикот **Несоодветно планирање на потребите и на постапките за јавни набавки**, беше преземена утврдената мерка - Анализи и објективни проценки на јавните набавки, на начин што од страна на организационите единици во Агенцијата се вршеше реална проценка на вредноста на договорите за јавни набавки кои беа планирани да се спроведат во 2022 г., а воедно беше преземена и утврдената мерка - Вклучување на повеќе лица во планирањето на јавните набавки, на начин што и во проценките на јавните набавки, нивното планирање и изработката на потребната документација беа вклучувани поголем број лица вработени во надлежните сектори во Агенцијата;
- во однос на активноста **Континуирана едукација на вработените – учесници во процесот на јавните набавки**, од страна на Друштвото за консултантски услуги АЦТ! ДОО Скопје, во просториите на Агенцијата на 04.10.2022 г. беше реализирана Обука на тема: „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност и следење/контрола на реализацијата на склучените договори за јавни набавки", на која присуствуваа 26 лица вработени во Агенцијата, кои се инволвирани во процесот на јавните набавки како лица кои ги дефинираат техничките спецификации и како претседатели или членови на комисии за јавни набавки чијшто набавувач е Агенцијата. Исто така, повеќе лица вработени во

Секторот за финансии и логистика континуирано беа вклучени и во процесот на следење и реализација на договорите за јавни набавки;

- во однос на активноста **Унапредување на знаењето на вработените за потребата од подготовка на соодветна документација**, се презеде утврдената мерка - Редовни консултации со лицата задолжени за јавни набавки лицата, на начин што надлежните сектори во Агенцијата кои ги подготвуваат техничките спецификации за јавните набавки чијшто набавувач е Агенцијата, континуирано, односно додека траеше процесот на одредена јавна набавка остваруваа редовни консултации со лицата задолжени за јавни набавки вработени во Секторот за правни работи и јавни набавки, како и се презеде утврдената мерка, односно Ротација на вработените кои беа назначувани за членови/нивни заменици на Комисиите за јавни набавки и
- во текот на 2022 година не се пријавени обиди за влијание врз членовите на комисиите за јавни набавки.

➢ Во област 5: Судир на интереси при спроведување надзор

во рамки на утврдената активност **Одржување високо ниво на отпорност кон корупција при надзорот и изрекувањето мерки преку доследно спроведување на ИСО процедурите, како и спречување на потенцијалните обиди за влијание или притисок при надзорот и изрекувањето мерки** од страна на Директорот на Агенцијата на 20.10.2022 г. се донесе Процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки, арх.бр.03-3884/1 од 20.10.2022 г., која е наменета за сите вработени во Агенцијата кои се вклучени во спроведувањето редовни, контролни и вонредни програмски и административни надзори, надзор врз изборното медиумско претставување, стручни надзори, кои ги застапуваат интересите на Агенцијата пред надлежните судови во РСМ во постапките по повод изречените мерки, како и за членовите на Советот на Агенцијата – како лица кои изрекуваат мерки, директор/заменик на директорот на Агенцијата – како лице кои ги предлага мерките.

**3. Идентификувани области подложни на корупција во рамките на делокругот на работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на проценка на факторите кои влијаат на работењето на Агенцијата, како и во 2022 г. и со Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за 2023 година, утврдени се 5 приоритетни области каде најчесто постои ризик за појава на корупција:

- Индивидуален и институционален интегритет;
- Квалитет на работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи;
- Јавни набавки; и
- Судир на интереси при спроведување надзор.

Преку Акцискиот план за 2023 г., кој следува во продолжение, ќе се даде преглед на ризикот, активностите, мерките, носителите/надлежните организациони единици, рокот за реализација, фискалните импликации и проценка на ризикот, за реализација на активностите преку кои успешно би се имплементирале дефинираните мерки.

## 4. Акциски план за 2023 година

**Област 1: Индивидуален и институционален интегритет**

| *Ризик* | *Активност* | *Мерка* | *Носител/Надлежна организациона единица* | *Рок за реализација* | *Финансиски импликации* | *Проценка на ризик*[1] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветно ниво на личниот и професионалниот интегритет на вработените и именуваните лица | Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените и именуваните лица | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификување на нивната ранливост од корупција | Раководители на организациони единици/директор/ членови на Совет | На шест месеци | Нема | Контролиран |
| | Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивни професионален развој и надградба | Едукација на вработените преку наменски обуки, со посебен акцент на нововработените лица | Сектор за правни работи и јавни набавки, вклучувајќи ги сите организациони единици | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | Посветеност на високото раководство во креирање на организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција | | Раководители на организациони единици/директор/ членови на Совет | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Постапување на вработените во спротивност со Кодексот на однесување и Упатството за постапување со подароци, погодности и гостопримства на Агенцијата | Практично спроведување на Упатството за постапување со подароци, погодности и гостопримства на Агенцијата | Исполнување на обврските согласно Упатството | сите организациони единици/директор/ членови на Совет | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | | Водење на Евиденција на примени подароци | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата (овластено лице за подароци за Агенцијата) | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | | Грижа за прием, складирање и чување на подароците | | Континуирано | | |
| | | Доставување на копија од листата од евиденцијата до ДКСК | | најдоцна до 31-ви март 2023 г. | | |

1. а) Контролиран (мерките се доволни и соодветни),
б) Делумно контролиран (ажурирање или дополнување на мерката), или
в) Не е контролиран ( не постојан мерки или истите не се адекватни).

**Област 2: Квалитет на работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

| *Ризик* | *Активност* | *Мерка* | *Носител/Надлежна организациона единица* | *Рок за реализација* | *Финансиски импликации* | *Проценка на ризик* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветна примена на интерните процедури на Агенцијата | Доследна примена на процедурите за работните процеси во Агенцијата согласно сертификацијата ИСО 9001:2015 | Проверка на почитување на процедурите од страна на интерните проверувачи | Овластени лица за интерна проверка | Континуирано | Нема | Кснтролиран |
| | Набавка и имплементација на систем за автоматско управување со документи | Ставање во функција и редовно одржување на системот за управување со документи | Сектор за информатичка поддршка и општи работи<br><br>Одделение за информатичка поддршка и технологии | Континуирано | Има | Делумно контролиран |

**Област 3: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи**

| *Ризик* | *Активност* | *Мерка* | *Носител/Надлежна организациона единица* | *Рок за реализација* | *Финансиски импликации* | *Проценка на ризик* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветна примена на легислативата и на системот за заштита на укажувачите | Подигнување на свеста на вработените во Агенцијата, директорот и членовите на Советот за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти на Агенцијата | Унапредување на знаењето за Законот за заштита на укажувачите и Процедурата за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | | Континуирано | Нема | Контролиран |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Постапување во согласност со Законот за заштита на укажувачи, подзаконските акти, Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и другите податоци на Агенцијата | Изработка на полугодишен извештај за постапувањето по пријавите од укажувачи | Лице задолжено за прием на пријави од укажувачи | Август 2023/ јануари 2024 година | Нема | Контролиран |
| **Област 4: Јавни набавки** | | | | | | |
| ***Ризик*** | ***Активност*** | ***Мерка*** | ***Носител/Надлежна организациона единица*** | ***Рок за реализација*** | ***Финансиски импликации*** | ***Проценка на ризик*** |
| Несоодветно планирање на потребите и на постапките за јавни набавки | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на релевантната легислатива и интерните ИСО процедури за сите лица кои учествуваат во процесот на јавни набавки | Анализи и објективни проценки на јавните набавки<br><br>Вклучување на повеќе лица во планирањето на јавните набавки | Сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата | Континуирано | Нема | Контролиран |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Недоволна контрола на Агенцијата врз имплементацијата на договорите за јавни набавки | Поголема вклученост на сите сектори во следење на имплементацијата на склучените договори за јавни набавки. | Извештаи за извршена услуга/испорачана стока од надлежната организациона единица | Одделение за јавни набавки<br><br>Сите организациони единици во Стручната служба | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Судир на интереси | Пријавување потенцијален судир на интерес | Проверка на постапувањето во случај на пријавен судир на интерес/замена на учесникот во процесот за јавна набавка | Сектор за правни работи и јавни набавки, одделение за јавни набавки<br><br>Лицата вклучени во постапките за јавни набавки | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Обиди за влијание на постапките за јавни набавки | Пријавување обид за влијание врз членовите на Комисиите за јавни набавки | Давање соодветна заштита на пријавувачите согласно воспоставените процедури во Агенцијата | Сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата/директор/ членови на Совет | Континуирано | Нема | Контролиран |
| **Област 5: Судир на интереси при спроведување надзор** | | | | | | |
| ***Ризик*** | ***Активност*** | ***Мерка*** | ***Носител/Надлежна организациона единица*** | ***Рок за реализација*** | ***Финансиски импкации*** | ***Проценка на ризик*** |
| Несоодветно воспоставен систем за отпорност кон корупција | Одржување високо ниво на отпорност кон корупција при надзорот и изрекувањето мерки преку доследно спроведување на ИСО процедурите | Периодична проверка на почитувањето на ИСО процедурите при вршење надзор; обезбедување снимки; изрекување мерки и застапување пред надлежните судови | Сите организациони единици кои вршат надзор/ одат на застапување пред надлежните судови/ директор/членови на Совет<br>Лице за заштита на укажувачи<br><br>Интерни ИСО проверувачи | Континуирано | Нема | Контролиран |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Спречување на потенцијалните обиди за влијание или притисок при надзорот и изрекувањето мерки<br><br>Доследно спроведување на Процедурата за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки согласно законот и подзаконските акти на Агенцијата | Одбивање налог за постапување спротивно на закон и подзаконските акти на Агенцијата<br><br>Давање соодветна заштита на пријавувачите/ вработените кои оправдано одбиле налог | Сите организациони единици во Агенцијата кои вршат надзор<br><br>Лице за заштита на укажувачи<br><br>Синдикална организација на Агенцијата | Континуирано | Нема | Контролиран |

Бр. 03-4725/1

22.12. 2022 година

С к о п ј е

Агенција за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Доставено до:
- Сите организациони единици во Агенцијата;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архивата.